РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/ 42 од 20.2. 2025 год.

Врз основа на член 110 и член 173 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), член 41 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018) и член 62 точка 8 од Статутот на Архитектонскиот факултет – Скопје (Универзитески гласник бр. 473/2019), Наставно - научниот совет на Факултетот на 4. седница одржана на 20.2.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање редовен професор**

1. Д-р Мери Батакоја, вонреден професор на Архитектонскиот факултет- Скопје, се избира во звањето редовен професор во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01), на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонски факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Одлуката, со пропратната документација, да се достави до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за потврдување на изборот во предложеното звање.

*О б р а з л о ж е н и е*

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01), објавен во дневните весници„ Вечерпрес " и „Коха" на 11.11.2024 година, се пријави д-р Мери Батакоја, вонреден професор на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонски факултет-Скопје.

Со одлука на Наставно- научниот совет, бр. 08 - 6/123, од 16.12.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Христова-Поповска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, претседател, д-р Јован Ивановски, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, член и д-р Марија Мано-Велевска, редовен професор на Архитектонскиот факултет, член. Рефератот е објавен во Универзитетскиот билтен број 1323 на 1.2. 2025 година.

Согласно Извештајот (Рефератот) и Предлогот на Рецензентската комисија, Наставно-научниот совет, на 4. седеница одржана на 20.2.2025 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Д е к а н,

Проф. д-р Анета Христова Поповска

Доставено до:
-Архивата
-Универзитет „Св Кирил и Методиј"во Скопје
-Именуваниот наставник
-Човечки ресурси